# ПЕЛАГОНСКИ КУЛТУРНО - НАУЧНИ СРЕДБИ

## ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

## 20

НОВАЦИ 2024



НОВАЦИ, 2025

ПЕЛАГОНИСКИ

КУЛТУРНО-НАУЧНИ СРЕДБИ

НОВАЦИ

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ

20

НОВАЦИ 2024

НОВАЦИ, 2025

**Издавач:**
Пелагониски културно-научни средби – Новаци

**За издавачот:**
д-р Весна Калпаковска

**Главен и одговорен уредник:**
д-р Весна Калпаковска

**Редакција**
Никола В. Ристевски
Билјана Т. Димко
Ристе Котевски

**Лектура:**
Христијан Апиоски

**Компјутерска обработка**
д-р Весна Калпаковска

Новаци, 2025

Трудовите се прифатени и одобрени од Советот на Пелагониски културно-научни средби:

Никола В. Ристевски
Билјана Т. Димко
проф. д-р Никола В. Димитров
проф. д-р Ромина Кабранова
проф. д-р Златко Жоглев
Божин М. Андоновски
Ристе Котевски
Трајан Митровски
Јован Ѓуровски

## СОДРЖИНА

Предговор кон Зборник на трудови бр. 20.....7

СВЕЧЕН ДЕЛ

ДОБИТНИЦИ НА ПРИЗНАНИЈА

**Биљана Димко**
Петар Ставрев – добитник на Повелбата за животно дело.....13

**Јован Ѓуровски**
Ванде Ганчевски – добитник на Повелбата за животно дело.....15

**Никола Ристевски**
Сона Лозановска – добитник на наградата Златен клас за македонски возпес.....22

**Биљана Димко**
Лили Бошевска – добитник на признание „Панде Манојлов".....25

ОД ТАЈНИТЕ НА АРХЕОЛОШКИТЕ КОВЧЕЗИ

**Виктор Лилчиќ Адамс, Антонио Јакимовски, Оливер Прокоповски,**
Античките градови и тврдини во Општина Новаци.....28

ИСТОРИЈА, ГЕОГРАФИЈА, ЕТНОГРАФИЈА, СТОПАНСТВО

**Борис Ангелков, Лилјана Дојчиновски, Сашо Стојановски,** Историја на ветеринарната медицина и сточарството во РС Македонија со посебен осврт на Пелагонискиот Регион (VI дел).....54

**Душан Б. Симиќ**, Скопје во Зборникот на архиепископот Данило II.....64

**Никола Димитров** Краток историско-географски преглед на угостителско-туристички објекти во Битола и Битолско.....74

**Гоце Талевски** Селото Брод за време на Првата светска војна.....82

**Ицо Јошевски** Селото Суводол, Битолско – изгаснато огниште.....93

ОБРАЗОВАНИЕ, ПСИХОЛОГИЈА, ЕКОНОМИЈА, ОПШТЕСТВО

**Јорде Јаќимовски,** Регионална кохезија и просторно преселување.....99

**Марија Котевска – Валентина Димовска** Психологија на мирот за постигнување на личен мир и помирен свет.....109

**Симона Апостоловска** Уметничката (арт) терапија во кохезија со техниката мандала.....117

**Сара Трајчевска, Валентин Вангелеску,**
лажните вести.....

## УМЕТНИЧКИ И КНИЖЕВНИ ЗАПИСИ

**Христијан Ациовски** Заедничките мотиви во приказните на Македонците и другите европски народи....................141
**Јованка Денкова** Потрага по корените од Петре Димовски – роман за потрагата по себе низ крстосниците на животот....................150
**Петре Димовски** Влегување во времето – за творештвото на Владимир Костов....................162
**Јован Ѓуровски** Едрејко Даскалот-Мариовецот (монографија)....................172
**Златко Жоглев** Драма за една прекината љубов: осврт врз драмата *Збогум и ти роман*....................174
**Никола В. Ристевски** Деницијa беше нескротлив пиреј во срцата на моите предци....................179

## ПРОЗНИ ЗАПИСИ

**Божин Андоновски** Лизгави угорнини....................184
**Ѓорѓи Прчков** Не сме само пријатели....................197
**Валентин Тасески** Митот на заборавот....................210
**Билјана Тодоровска** Приказна од потребалино (монодрамски текст)....................213

## КОПРИНЕНИ НИШКИ ОД ДУШАТА (ПОЕЗИЈА)

**Лилјана Димовска** ....................219
**Менде Димовски** ....................221
**Менде Солунчевски**....................228

**Јованка Денкова**[1]
jovanka.denkova@ugd.edu.mk

# ПОТРАГА ПО КОРЕНИТЕ ОД ПЕТРЕ ДИМОВСКИ – РОМАН ЗА ПОТРАГАТА ПО СЕБЕ НИЗ КРСТОСНИЦИТЕ НА ЖИВОТОТ

**Апстракт:** Овој труд претставува семантичка анализа и интерпретација на книгата „Потрага по корените" од Петре Димовски, во која се искажува онаа силна желба за откривање на тајната за корените од каде што потекнуваме, но поради некои околности, тие се оддалечени од нас. Авторот ја води младата девојка Дулсет низ потешкотии кои треба да ги пребродат за да ја дознае целата тајна и вистина за потеклото на корените. Корените наши нè придружуваат да ги пронајдеме, нè бараат да ги пронајдеме. Девојчето Дулсет е најдобар пример за решителноста на едно девојче кое без разлика на сите пречки и потешкотии, ја постигнува целта и ги пронаоѓа корените на татко ѝ, а воедно и корените на кои таа припаѓа.

**Клучни зборови:** роман за млади, *Петре Димовски*.

**Вовед**

Во оваа научна статија се осврнуваме кон една тема која сè уште е табу на нашиве простори, иако во европски и светски рамки за неа изобилно се говори. Темата на сексуалната злоупотреба на деца и млади (адолесценти) од страна на возрасни е тема која, за жал, е присутна насекаде. Авторот ја разработува темата за сексуално насилство, гледано низ призмата на семејството, зборувајќи и за ризик-факторите кои придонесуваат за вакви појави, а еден од нив е алкохолизмот.

Авторот Петре Димовски се зафатил да проговори за оваа тема и претходно, во романот „Средба во осамената куќа".[2] Истражувањата говорат дека сексуалното насилство над децата и младите остава краткотрајни и долготрајни последици во развојот на младата личност. Имено, авторот Димовски ја разоткрива темата за сексуалната злоупотреба кај децата и младите, нешто за што во критиката на литературата за деца и млади во европски и светски рамки се зборува многу. Истражувањата говорат дека децата и младите често избираат да не ја откриваат/обелоденуваат сексуалната злоупотреба, со што се спречува пристапот до помош. Исто така, тоа им дозволува на сторителите да продолжат да живеат [illegible]. Наодите од истражувањата на овој

[1] Проф. д-р Јованка Д. Денкова е редовен професор по книжевност на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

[2] Јованка Денкова, *Романот „Средба во осамената куќа" од Петре Димовски – како* [illegible] Годишен зборник на Филолошки факултет, 14 (21), 2023, pp. 8–18, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32868

Јованка ДЕНКОВА
Филолошки факултет
Универзитет „Гоце Делчев“-Штип

# „ПОТРАГА ПО КОРЕНИТЕ“ ОД ПЕТРЕ ДИМОВСКИ – РОМАН ЗА ПОТРАГАТА ПО СЕБЕ НИЗ КРСТОСНИЦИТЕ НА ЖИВОТОТ

**Апстракт**: Овој труд претставува семиотичка анализа и интерпретација на книгата „Потрага по корените“ од Петре Димовски, во која се искажува она силна желба за откривање на тајната за корените од каде што потекнуваме, но поради некои околности таа се оддалечила од нас. Авторот ја води младата девојка Дулсет низ потешкотии кои треба да се пребродат за да ја дознае целата тајна и вистина за потеклото на корените. Корените сами нѐ привлекуваат да ги пронајдеме, нѐ бараат да ги пронајдеме. Девојчето Дулсет е најдобар пример за решителноста на едно девојче кое без разлика на сите пречи и потешкотии ја постигнува целта и ги пронаоѓа корените на татко ѝ, а воедно и корените на кои таа припаѓа.

**Клучни зборови**: роман за млади, Петре Димовски.

## Вовед

Во оваа научна статија се осврнуваме кон една тема која сѐ уште е табу на нашиве простори, иако во европски и светски рамки за неа изобилно се говори. Темата на сексуалната злоупотреба на деца и млади (адолесценти) од страна на возрасни е тема која, за жал, е присутна насекаде. Авторот ја разработува темата за сексуално насилство, гледано и низ призмата на семејството, зборувајќи и за ризик факторите кои придонесуваат за вакви појави, а еден од нив е алкохолизмот.

Авторот Петре Димовски се зафатил да проговори за оваа тема и претходно, во романот „Средба во осамената куќа“.[1] Истражувањата говорат дека сексуалното насилство над децата и младите остава краткотрајни и долготрајни последици во развојот на младата личност. Имено, авторот Димовски ја разоткрива темата за сексуалната злоупотреба кај децата и младите, нешто за што во критиката на литературата за деца и млади во европски и светски рамки се зборува многу. Истражувањата говорат дека децата и младите често избираат да не ја откриваат/обелоденуваат сексуалната злоупотреба, со што се спречува пристапот до помош. Исто така, тоа им дозволува на сторителите да продолжат да живеат неоткриени. Наодите од истражувањата на овој проблем, покажуваат дека младите се соочуваат со голем број различни бариери како што се ограничена поддршка, согледани негативни последици и чувство на самообвинување, срам и вина, кога избираат да обелоденат. Светската здравствена организација (СЗО) ја дефинира сексуалната злоупотреба во детството (CSA) како „вклучување на дете во сексуална активност што тој или таа не ја разбира целосно и не може да даде информирана согласност за неа“ (СЗО, 1999, стр. 15)[2].

[1] Јованка Денкова, Романот „Средба во осамената куќа“ од Петре Димовски - како крик за поголема свесност и претпазливост. Годишен зборник на Филолошки факултет, 14 (21)., 2023, pp. 9-18, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32868

[2] Lemaigrea, C., Taylor, P.E, Gittoes, C. (2017). Barriers and facilitators to disclosing sexual abuse in childhood and adolescence: A systematic review, Child Abuse & Neglect 70, 39–52, https://www.nationalcac.org/wp-content/uploads/2019/01/Barriers-and-facilitators-to-disclosing-sexual-abuse-in-childhood-and-adolescence-A-systemic-review.pdf, 6.3.2023

Целта на отвореното говорење за оваа тема е подигање на свеста за вистинската, криминална природа на сексуалниот насилник, чија постапка длабоко се одразува врз психата и понатамошниот живот на жртвата на тое насилство – детето/адолесцентот... Децата кои доживеале сексуална злоупотреба може да претрпат широк спектар на емоционални, бихејвиорални и социјални тешкотии, вклучувајќи гнев, непријателство, вина, срам, депресија, посттрауматски стрес, нарушувања на спиењето, стравови, општи проблеми со однесувањето и несоодветно сексуално однесување за возраста.[3]

„Потрага по корените“ од Петре Димовски[4] е возбудлива приказна за еден живот исполнет со непредвидливи настани. Девојчето Дулсет со родителите е населена во тешко пристапните предели во внатрешноста на Австралија. На почетокот на оваа дело, авторот се присетува на неговото детство, односно се присетува на неговите спомени:

> „Мислата ми залута во две спротивни насоки. Едната беше во големиот син простор низ кој патував кон иднината. Другата беше трагата на детето оставена во минатото дивината, кое штотуку го пронајдов во дивината. Потоа мислата за детето стана помоќна и единствена. Летајќи по небото, ги пронајдов спомените на земјата. Се препознав во малото суштество во дивината. Настаните се врежале длабоко во меморијата. Целото детство ми минуваше пред очите, како да се одвиваше во овој миг“ (5).[5]

Во романот можат да се препознаат/издвојат неколку идејни целини.

Првата целина го опфаќа детството на десетгодишната Дулсет среде дивината, во гратчето Смолвуд. Оваа целина ја одбележува пустошот во непрегледниот сув простор на Австралија, а можат да се издвојат неколку главни јадра: 1. Семејниот живот на Дулсет, 2. Загубата на родителите, 3. Абориџ, 4.Бени, 5. Силување и 6. Бегство од дивината.

Првото идејно јадро е под светлината на постојаното отсуство на саканиот татко Сајмон кој работи во рудниците за опал. За тоа време, девојчето тивко копнее по мајчинска нежност и грижа која ја добива само кога таткото е присутен. Во негово отсуство, малата Дулсет (на галено викана Ду од татка си), е оставена сама на себе, додека мајка ѝ Кејти, оддадена на пороци (блуд и пијанство), наместо со љубов и топлина, ја „дарува“ со клетви и груби зборови: „Нека те изгори, да би те изгорело и сонцето“ (Димовски, 2008:

---

[3] Deblinger, E., Stauffer, B.L. and Steer, R.E. (2001). Comparative Efficacies of Supportive and Cognitive Behavioral Group Therapies for Young Children Who Have Been Sexually Abused and Their Nonoffending Mothers, Child Maltreatment, Volume 6 Number 4,332–343, https://www.researchgate.net/profile/Linda-Lewin/publication/11676622, 7.3.2023

[4] Петре Димовски е роден 1946 година во Брод, Битолско. Дипломирал на Филолошкиот факултет – Скопје (1975). По завршување средно училиште работел во Австралија. Работел како професор во Битола. Објавувал песни во списанија за деца и млади, а од 1971 г., кога е печатен „Расказот за слепиот коњ“ по конкурсот на „Нова Македонија“, работи на расказот, романот, монодрамата, патеписот, критиката. Добитник е на многу награди и признанија. Го покренал и уредува списанието „Раст“. Член е на Македонското научно друштво и Друштвото на писатели на Македонија, претседател на Битолскиот книжевен круг, зам. претседател на „Пелагонските културно – научни средби“. Ги објавил следните дела: Преломи, раскази, КММ 1973; Жед и жештини, раскази, БИД Мисирков 1994; Пламенка, роман, Нова зора 1996; Резервна тајна, роман, Наша книга 1997; Крилја, роман, Наша книга 1998; Сонце во ќелијата, роман, Матица 2000; Ни свој, монодрами, Матица 2002; Црната мачка, раскази, Култура 2002; Балканскиот ѓавол, роман, Феникс 2004; Големата авантура, роман, Врв 2007; Потрага по корените, роман, Дијалог 2008. Добитник — на Наградата 4 ноември за збирката раскази Жед и жештини,на Првата награда на БИД Мисирков за романот Пламенка, Наградата на Фестивалот на монодрамата за монодрамите Ни свој, Наградата Тренд на ИК Феникс за романот Балканскиот ѓавол, наградата Ванчо Николески на Друштвото на писателите на Македонија за романот Големата авантура и наградата на ТВ Орбис, романот Светлина во празнината, 2012 и др.

[5] Петре Димовски, Потрага по корените, Дијалог, Скопје, 2008.

5); „Што седиш крај мене како заварена! Да не сакаш да те надојам?! Е, јас не сум таа што дава цицка!“ (Димовски, 2008: 6). Оттука, малото девојче ја лекува својата осаменост со скитањата низ австралиската пустелија:

> „Си играв сама. Чинам, јас од секогаш бев сама. Така се запаметив и на тоа се привикнав. Лутав, и дома се враќав капната од умора. Тогаш сакав да ја почувствувам топлината на мајчината прегратка. Но нејзе времето ѝ беше поинаку распоредено и во него немаше место за мене“ (Димовски, 2008: 6).

Како резултат на неморалниот живот, мајката Кејти ќе го заврши животот на беден начин, а Дулсет ја доживува нејзината смрт како голема загуба, зашто таа е единствената мајка која ја знае, па дури, детски наивно чувствува и грижа на совест. И Климан вели дека вината, лутината и анксиозноста се дел од тагувањето, затоа што децата честопати чувствуваат голема вина и замислуваат дека можеби тие на некој начин се одговорни за смртта на блиската личност[6]:

> „Ја закопавме во предниот дел од дворот. Години потоа лутав низ дивината, барајќи го ликот на мајка ми. Кога ќе се присетев дека никогаш нема да ја видам, неутешно плачев. Сите нејзини лоши постапки ѝ ги простив и заборавив. Почнав во себе да пронаоѓам и своја вина што умре. Дали умеев да ѝ вратам доволно љубов за да ѝ ја тргнам болката од срцето? Ја откривав како осамена и изгубена жена. Нешто ја измачуваше...“ (Димовски, 2008: 9).

Менес зборува за тоа дека постои одреден сет на емоции кои имаат тенденција да се појават кај деца кои доживуваат смрт на еден од нивните родители. Овие реакции вклучуваат несвесно, а понекогаш и свесно негирање на реалноста на смртта на родителот; еден скрининг на сите афективни реакции поврзани со смртта на родителот укажуваат на значително зголемување на идентификацијата и идеализацијата на мртвиот родител; намалување на самодовербата; чувство на вина; и постојани несвесни фантазии за постојана врска или повторно обединување со мртвиот родител. Овие одговори се смета дека укажуваат на избегнување на прифаќањето на смртта на родителот и потребата да се направи радикална реорганизација во особините кои му се даваат на посакуваниот предмет.[7]

Во тие мигови, како сигурно прибежиште во животот на малата Дулсет се јавува Абориџ, интересен лик на жена, домородец од Австралија, со впечатлив автентичен изглед: „Изникнуваше од каде никој не ја очекуваше; косата ѝ беше бушава, лицето прашливо, големиот широк нос пулсираше како надуена жаба, долгите ковчести стапала не се забележуваа во прашината и изгледаше како да стои забодена во земјата. Во раката стискаше корења“ (Димовски, 2008:7). И покрај тоа што не е прифатена од останатите жители на Смолвуд, за Дулсет, Абориџ е единствена пријателка:

> „Абориџ ми стана верна пријателка. Друго друштво немав. Дури во неа открив една сигурна заштитничка, што ги познава сите тајни и сите опасности на дивината...(...)...од другите жители на Смолвуд, Абориџ не беше прифаќана, од некои дури беше прогонувана и ја третираа  како и секое животно од дивината...Со неа се чувствував безбедна во дивината, и таа во многу ми помогна осаменоста да не ми го затруе срцето со тага“ (Димовски, 2008: 7-9).

Факт е дека смртта не може да се сокрие од децата. Родителот кој се обидува да го заштити детето од искуството на смртта, додава само збунетост и анксиозност во и онака тешкиот свет. Кога во семејството има починато лице, чувствата на возрасните членови

---

[6] Kliman, G. Psychological emergencies of childhood, Greene and Stratton, New York, 1968.

[7] Menes, J., Children's Reactions to the Death of a Parent: A Review of the Psychoanalytic Literature. Journal of the American Psychoanalytic Association,19(1971):697-719, преземено од https://pep-web.org/browse/document/apa.019.0697a?page=P0714, 06.02.2022

на семејството се пренесуваат и врз децата на многу невербални начини, како што е експресијата на лицето, тонот на гласот, држењето на телото и сл.[8] Студиите на детските психолози Дајан Бекер и Фејт Марголин откриваат како преживеаните родители често се обидуваат да им помогнат на своите деца да се прилагодат на загубата на другиот родител со тоа што не ја споделуваат со нив реалноста на смртта. Додека сите родители во овие студии ги поврзуваат своите чувства на болка и загуба со своите врсници, таквите чувства ги сокриваат од нивните деца, што води кон негирање на реалноста/смртта и кај децата. [9]

Дури откако татко ѝ Сајмон, кој работи во рудниците за опал го затрупува одрон, Дулсет останува сама, без никого и ништо. Тогаш започнува тешкиот и мачен пат на пробивање низ животот на ова тринаесетгодишно девојче кое влегува во адолесценцијата. Пред да почине татко и на Дулсет последните зборови му биле дека постои ненакво писмо со тајна, за кое таа не знае: „Ме погледна со матен поглед од кој исчезнуваше сјајот и проговори: 'Писмото...тајната...' Следниот збор му се изгуби. Не го дофатив. Потоа му падна главата настрана...раката му остана безживотна. Татко ми умре" (Димовски, 2008: 14).

Најголема потпора и заштита во тој тежок период од животот ѝ биле Абориџ и Бени, пријател на татко ѝ од најголема доверба: „И кога беше жив татко ми Бени доаѓаше, и напати играше со мене. Многу го сакав. И тој ме сакаше мене. Како и сите други, беше самец и осаменик кого често го налегнува тагата, а кога играше со мене беше жив и весел, како да се вратил во своето детство" (Димовски, 2008: 19). Со растењето, Дулсет, веќе навлезена во адолесценцијата, не може и не знае да дефинира што се случува со неа, иако ги забележува промените кај себе: „Како растев, така почнував да ги чувствувам големите промени што настануваа во мене и ми предизвикуваа час страв, час радост, напати ме приклештуваше болка, другпат бев понесена од силни иззлети на љубопитство и слобода и сакав да откријам сѐ" (Димовски, 2008: 22). Тие промени не поминуваат незабележано и од Бени, во кој ќе се разбуди нечиста мисла.

Бидејќи Абориџ била веќе стара и немоќна таа живеела заедно со Дулсет, си биле поддршка една на друга. Кога еден ден во куќата на Дулсет дошол Бени, седнал до неа на креветот и почнал да ја гали. Таа помислила дека тој е татковски галеж:

> „Неговата рака ми шеташе низ косата и ми го заскокотка вратот од што гласно се закикотив, се потсобрав и се натиснав во него како маченце кога се гали крај своето другарче. Другата рака ја ослободи од мојата и ми ја спушти на рамото. Лазејќи, со исто така мека топлина, ми помина по вратот и јас, мижуркајќи, почнав да се опуштам во сигурноста на пријателството. Светлината беше затворена и сакав да заспијам" (Димовски, 2008: 23).

Од занесот ја буди некој недефиниран звук кој го испушта присутната и немоќна Абориџ и Дулсет веднаш ги отворила очите и веднаш скокнала да ѝ помогне на Абориџ, но во тоа била спречена бидејќи Бени цврсто ја држи и ја притиска:

> „Бени ми ја раскинуваше блузата  и ми ги стегаше градите од што страшна болка минуваше низ мене. ...Почувствував како едната рака на Бени гребе по мојот стомак, ме разорува и раскинува, и во еден потег слегува надолу, ги потфаќа

---

[8] Vidal S. Clay, Children Deal with Death, The School Counselor, Vol. 23, No. 3 (January 1976), pp. 175-184, Sage Publications, Inc., https://www.jstor.org/stable/23903238 , 09.03.2022

[9] Sasser, T.M., Advent of Denial of Death in Children's Literature, Georgia Southern University. Electronic Theses & Dissertations.2018,  Paper 166. http://digitalcommons.georgiasouthern.edu/etd , 07.02.2022

> моите гаќички, ги истргнува и потоа ми ги набива во устата“ (Димовски, 2008: 24).

Немоќната Абориџ ќе биде нем сведок на ужасниот злостор кој се одвива пред нејзини очи, од што ѝ застанува и срцето: „Широко отворените очи тоа најстрашно го искажуваа. Колку ѝ било тешко кога била наполно немоќна да ми помогне. Болното срце не можело да издржи“ (Димовски, 2008: 25).

Одвај успевајќи да го покори во себе нагонот да го убие Бени, девојчето успева да му избега на злосторникот кон непрегледните предели на дивината: „Моето смалаксано тело се плесна во прашината, кога со затворени очи во смртен страв очекував да ме вклештат тешките раце на Бени...“ (28). Во својата студија, Фишер и Мекдоналд говорат за сексуални насилници кои можат да бидат од кругот на семејството или надвор од него.[10] Во романот на Димовски, иако насилникот не е член на нивното семејство, сепак и самата протагонистка ни го пласира податокот дека овој семеен пријател, им е близок како брат на таткото, т.е. „чичко“, како што впрочем и го ословува. Истражувањата говорат во такви моменти кога детето/адолесцент е загрозено и е жртва на злоупотреба во домот, во голем број случаи тоа може да прибегне и кон бегство од домот и живот на улица.[11] Цело време додека е во дивината сама и гола, како дух ја следи стравот и помислата на Бени: „За да ја осигурам наполно безбедноста од Бени, јас продолжив да одам во спротивната насока од Смолвуд. Сфаќав дека и натаму бегав од Бени... Бев сама. Гола, испружена во прашината од рамнината, наполно сама....А постојано гледав ко далечината од каде можеше да се појави Бени...“ (30). Во тие мигови на халуцинации, станува свесна и за својата голотија и слабост: „Чувствував некоја неудобност со мојата голотија. Не знаев што да правам со неа. Немаше ништо со што би ја покрила. Таа можеше да биде многу опасна за мене. Можеше да ми донесе непријатности, дури и ненаситено зло. Не се знае кој може да ме пресретне“ (31). Во моментите на безизлез, како спасоносна нишка се јавува гласот на татко ѝ кој ѝ дава сила, но и насоки:

> „Ти си храбра, ти си вешта, ти умееш да ѝ се оттргнеш на судбината. Не давај се и заради мене! И заради мајка ти, која во еден миг така силно те љубела! Писмото...тајната...мора да стигнеш до нив! Ќе истраеш! Само мисли, мисли! Сега ја имаш само мислата, но таа е доволно моќна да те извлече кон животот. Не смееш да поткленеш! Не смееш да се предадеш!... Не те напуштив никогаш. Само преминав во сенка која постојано ќе те следи да ти угоди и да те избави од лошите духови...“ (29-30).

И токму силата на нејзината мисла, во судбоносниот момент, важен за нејзиниот опстанок среде дивината, ќе ѝ го наврати споменот на нејзината другарка Џенифер. Се упатува кон нејзината куќа, скоро во бессознание и за среќа, ќе биде пронајдена од таткото на Џенифер- Боб, кој тргнал на лов.

Престојот во домот на Џенифер ја отвора втората идејна целина во книгата „Потрага по корените“. Соочени со нејзината застрашувачки истоштена и истрауматизирана појава, Боб и Џенифер се обидуваат да ја отргнат од непријатните спомени. Боб ја утешува

---

[10] Fischer, D. G., & McDonald, W. L. (1998). Characteristics of intrafamilial and extrafamilial child sexual abuse. Child abuse & neglect, 22(9), 915–929, https://www.sciencedirect.com/science/article/abs/pii/S0145213498000635, 10.3.2023

[11] Tyler, A.K. (2002). Social and emotional outcomes of childhood sexual abuse: A review of recent research, Aggression and Violent Behavior, 7:6, pp. 567–589, http://www.sciencedirect.com/science/journal/13591789, 10.3.2023

Дулсет со зборовите: „Татко ти беше добар човек ...И многу те сакаше...Страдаше од голема љубов. Но никогаш не дознав што го врзуваше за оваа далечина“ (41). Тие ја прифаќаат во нивниот дом, а Џенифер ја прифаќа како сестра:

> „Џенифер беше многу поинаква од сите досега во мојот живот. Имавме исти мисли и исти желби. Можевме сè да си кажеме, а нè мачеа исти проблеми. Одеднаш како да растоварив голема тежина од мене и почна да ме опфаќа некоја безгрижност. Со Џенифер постојано се смеевме. Сè можеше да ја заскокотка нашата смеа. Тоа ме правеше опуштена и среќна“ (40).

И заживува Дулсет еден убав и спокоен живот, па дури оди и на училиште од што е воодушевена: „Мислам дека уште од првиот ден во сето тоа најдов една голема смисла. Моето љубопитство растеше и новите хоризонти наметливо ми се отвораа. Јас сакав одеднаш да научам сè“ (41).

И покрај вниманието и грижата кои ѝ ги пружаат Боб и Џенифер, во свеста на Дулсет сè уште живеат спомените на Бени, па секојдневно се бори со неговиот подмолен лик во кошмарите. Нејзиниот страв се зголемува кога дознава дека истиот тој Бени бил осуден на долга робија, затоа што силувал и задавил тинејџерка:

> „Бени беше во сите мои мисли. Секогаш ѕверен, натопорен, со закана...."Дојдов да те заколам", ми вели и се приближува кон мене со болна насмевка. Јас стојам парализирана, целата се тресам, ја гледам пред очи сопствената смрт, а не можам да изговорам ни еден збор за да молам за мојот живот...Бени ми ја раскинува облеката...Ножот ми го топори под грлото, ме превиткува да ме собори, се напинам да крикнам, да извикам по спас и... грлото ми се отвора, испуштам силен вик и откривам дека сум накрената во креветот...“ (42).

По сознанието дека Бени умрел во затворот во Сиднеј, ослободена од неговото присуство, Дулсет заминува во Сиднеј, за таму да го продолжи школувањето. Со тоа започнува третата идејна целина во романот „Потрага по корените“ која е обележана од животот на Дулсет во Сиднеј и нејзината борба да опстане. Во Сиднеј таа работи било што, а успева да се запише и на факултет. Студирањето ќе ѝ овозможи да ги прошири своите знаења и хоризонти, а студентскиот живот ќе ја доближи до двете пријателки Јулија и Мери. Дружбата со млади луѓе за Дулсет е вистинско откритие во големиот град, заради можноста да проживее студентски, забавен живот, каде ќе има можност да се соочи со опасноста на дрогата. Во Сиднеј, Дулсет ќе ја доживее и првата љубов во ликот на момчето Џош:

> „Изгледаше така фраерче, натокмен, пораснат, со некој стил и впечатлива сигурност“ (66), но истовремено ќе го доживее и првото љубовно разочарување кога Џош ќе се предозира: „Смртта на Џош ми внесе бунило. Ме потресе суровоста на животот....Се чувствував дека изгубив некој многу близок и неговото оттргнување од мене остави рана. Можев да си ја сфатам таа болка. Јас поблизок немав. Не бев ни вешта во љубовта. А тој ја имаше мојата иднина“ (75).

Во тие мигови таа се чувствува осамена, и единствената утеха ја пронаоѓа во миговите кога се посветува на размислување. Тогаш ја обзема и сознанието дека животот во градот е можеби и поопасен од дивината: „Во дивината свикнав да опстојам. Дали ќе се снајдам тука? Како ќе ги препознавам опасностите? Во дивината си подготвена да

се одбраниш при секоја појава. Овде, во една врвулица од народ, како да го откриеш ѕверот, кога тој нема никакви надворешни обележја што би го издале?" (63).

Во романот, авторот ни ја разоткрива и отуѓеноста меѓу луѓето преку примерот на паднатиот човек на улица на кој никој не му подава рака на помош, освен Дулсет, со што муго спасува животот. Нејзината човечност силно одекнува и во медиумите:

> „Студентката Дулсет Мајт, дојдена од дивината, спаси банкар од сигурна смрт, кого паднат на тротоарот, за три часа додека лежеше во агонија, во алергична треска, го одминаа илјадници луѓе и никој не застана да му понуди помош, секој мислејќи дека тој е дрогиран и неговата судбина не ги засега нив. Студентката Дулсет Мајт му зададе страшен удар на отуѓувањето на луѓето и ја врати довербата во хуманоста. Студентката стигнала во критичниот момент и веднаш ја повикала брзата помош. Лекарите изјавија дека во прашање биле минути за животот на банкарот" (73-74).

Како награда за тоа доброто дело од директорот на фабриката каде работи, Дулсет добила платен одмор за да може убаво да ги подготви испитите.

Авторот сепак ја застапува идејата за благородност и чувство на благодарност меѓу луѓето во големиот град, преку гестот на банкарот на кој Дулсет му го спасува животот, кога на нејзиниот дваесет и први роденден, на денот на нејзиното полнолетство, ѝ се заблагодарува со убав подарок: „И, банкарот ја стави раката в џеб. И извлече – клучеви. Од автомобил. Настана излудувачко извикување и ракоплескање. Потоа сите се стрчаа надвор да го видат автомобилот. Ме прегрнуваа, ми честитаа. Автомобилот навистина беше прекрасен. Тојота. Најновиот модел" (86). Истиот тој банкар, ѝ дава уште подрагоцен подарок – оставштина од нејзиниот татко Сајмон: „Подарок и писмо се депонирани во сефот на банката, со препорака, Дулсет, да ти се предадат на дваесет и првиот роденден. Тоа е овој ден и утре ќе го отвориме сефот" (87).

По многу нагаѓања се констатира дека писмото од нејзиниот починат татко е напишано на непознат јазик, за Дулсет, по што таа се зафаќа да го изучи тој јазик – македонскиот, за да ги прочита последните зборови на татка си, упатени кон неа:

> „Штом ги читаш овие редови, значи сум заминал во вечноста, од која доаѓаме и во која се враќаме. Ако судбината го одложеше тој миг, за дваесет и првиот роденден лично ќе ти го предадев подарокот, а овие зборови ќе ти ги говорев со силна возбуда за нашата среќа и ќе отпатувавме, ти да го запознаеш својот крај, а јас да му се вратам на спомените, иако некои и натаму ја сочувале болката и само неа имаат да ми ја донесат. Никако никогаш не претпоставував дека ќе се случи вака, да залутам и да се изгубам во утробата на дивината. Но еве, таа стана мое прибежиште и научив да ја поднесувам и да се прилагодам на нејзините закони. Но каде сум погрешил, зошто сум заталкал од патот? Можеби ти ќе откриеш кој ја одредувал нашата судбина. Дека во овој миг нема да бидам во твоето друштво, најмалку очекував" (92).

Зборовите на татко ѝ незадржливо ја повикуваат кон нејзиниот роден крај, каде се упатува веднаш по дипломирањето, иако при тој свечениот чин на доделувањето на дипломите за завршени студии, неизбежна е тагата, заради отсуството на нејзините родители: „Животот е само игра што треба докрај да ја изиграме. Смртта е впишана во кодот на животот и таа секогаш изненадува" (100). Чувствувајќи дека далечината и нејзините корени ја повикуваат, вели: „Морам да се соочам со вистината, каква и да изгледа таа! Враќање од патот нема, зашто друг пат не ми се отвора. Не можам да бегам

по беспатје. Мојата упорност ќе биде сведок на мојата победа. А кога ќе ги откријам корените на татко ми, ќе се отвори и патот до корените на мајка ми“ (113-114).

Со заминувањето во родниот крај, а од нафрланите индиции читателот може да насети дека се работи за градот Битола, започнува четвртата, последна идејна целина на романот „Потрага по корените“ од Петре Димовски. Овој период кај Дулсет е исполнет со барање, разгледување на градот и околината, како посетата на црквата, а особено мистичен слој дава посетата на видовитата жена, за да добие некое објаснување на тајната, загатната од нејзиниот татко. Мистериозните зборови на видовитата жена не ѝ донесуваат олеснување на Дулсет: „Тајната не може веднаш да се открие, но кога ќе се открие, повеќе не е тајна. Не е тајна ни знаењето кога тајната е тајна“ (116), па на моменти ѝ доаѓа порив да напушти сè и да се врати во Австралија:

> „Шетав низ улиците, љубопитна да ги откријам хоризонтите...Напати ќе ме обземеше мачнина и целосно паѓав под тежината на старото чувство дека сум сама, дека никого немам и никого нема да пронајдам, зашто сум прелагана од сопстената измама... Да, се чувствував наполно без поткрепа, не стоев на никаков корен и не ме држеше никаков корен...Следните денови западнав во тотално разочарување. Сите мои надежи тонеа во невидливата отворена длабочина...Треба да се откажам од големата авантура?“ (109-110).

Така е сè до моментот кога при посетата на еден кафе бар, за малку ќе биде изгазена во стампедото кое се случува, под закана за бомба. Од опасната ситуација ќе ја извлече момчето Мартин, кон кое ќе почувствува привлечност:

> „Толпата ја понесе со себе. Се испомешаа писоци. Настана хаос. Некои паднаа и не можеа повеќе да станат, зашто по нив газеа другите. ...Чувствував болка по телото, а очите ги прекривав со рацете да ги заштитам од размавнувањата на преплашените девојчиња и момчиња...Одеднаш просторот се отвори, чевлите затропаа по улицата и – удрив на асфалтот. Тогаш сфатив дека некој ме носеше до тука... Едно момче немо и збунето стоеше пред мене. Потоа станав свесна дека момчето, што пред малку ми зборуваше како во извинување, ми го спаси животот“ (119).

Кога и по втор пат Мартин ќе ѝ го спаси животот по треската која ја добива во хотелот, Дулсет веќе се чувствува емотивно приврзана кон него: „Му скокнав во прегратка. Почнав диво да го љубам. Тој бавно сфаќаше што се случило. Потоа силно ме прегрна, плашејќи се да не му избегам. Љубовта со Мартин се зацврстуваше“ (148).

Сосема случајна средба во фризерскиот салон, во кој ќе слушне познато име, претставува вовед во познанството со госпоѓата Ранка, која ќе ѝ ја раскаже на Дулсет својата трагична животна судбина во која го изгубила сопругот и детето заради љубомората на најдобрата другарка. Во приказната на Ранка само имињата се различни, а актерите се истите од приказната која татко ѝ на Дулсет ѝ ја раскажувал. Во приказната на Сајмон, актери се Драган, Божана и детето Анета, и нивната наводна пријателка Биљана, а кај Ранка, Божана била Ранка, Сајмон односно Драган бил Танаско, Анета е Ду, Дулсет односно Душица. А пак Биљана односно Ивана била Кејти. Овде се разоткрива дека Ранка е биолошката мајка на Дулсет, а Кејти е онаа која измислила наводна афера на Ранка, заради која Танаско (Сајмон) заминал со Ивана за Австралија.

Конечниот чин на препознавање е кога Ранка ќе ѝ ја покаже сликата со својот сопруг, во чиј лик Дулсет го препознава ликот на својот татко. На крајот од романот Дулсет (Душица) го пронаоѓа своето семејство, ги распретува своите семејни корени:

„Ќерко моја, Господ те врати кај мене! Знаев дека ќе ми дојдеш, целиот свој живот знаев и те очекував, само не знаев кога и како ќе ме препознаеш! Но Господ те водел и ти го покажал патот да се вратиш! Убаво мајчино мое, срце мое, сонце мајкино, се врати!“ (188).

Романот завршува со сликата на семејни средби и солзи радосници: „Следните денови уште многу средби ми претстоеја со тетки, братучеди, вујковци...Пронајдов големо разгрането стебло“ (204).

## Заклучок

Романот „Потрага по корените“ од Петре Димовски ја позиционира својата приказна на неколку локации, почнувајќи од сувиот, непрегледен предел на Австралија, каде пустелијата владее и во душата на луѓето, преку бучниот Сиднеј каде Дулсет ја постигнува својата самостојност, но и ќе биде заинтригирана од тајната за своето потекло, за на крај, да ја врати својата хероина во местото на потеклото, каде ќе се пронајде себеси и многу одговори на прашањата што цел живот ја измачувале. Но, истовремено, преку судбината на Сајмон, авторот укажал дека човек кој се оттргнал од своите корени, се откажал од својата среќа. А потрагата по корените може да биде многу макотрпна и тешка задача, зашто на тој пат постојат многу препреки кои што треба да се поминат за да се стигне до целта.

Девојчето Дулсет со својата самодоверба и решителност со многу потешкотии ги пронаоѓа корените на нејзиниот татко и семејството од кое потекнува самата таа. На тој пат ѝ се случуваат многу лоши работи, но таа со својата решителност и со својата самодоверба успева да ги пребroди сите трауматични искуства и да израсне уште посилна од нив. Дулсет е убав пример за младите читатели, пример на млада девојка за тоа како треба да се бориме во животот за да ја достигнеме крајната, односно посакуваната цел.

## Користена литература


1. Deblinger, E., Stauffer, B.L. and Steer, R.E. (2001). Comparative Efficacies of Supportive and Cognitive Behavioral Group Therapies for Young Children Who Have Been Sexually Abused and Their Nonoffending Mothers, Child Maltreatment, Volume 6, Number 4, 332–343, https://www.researchgate.net/profile/Linda-Lewin/publication/11676622 , 7.3.2023
2. Fischer, D. G., & McDonald, W. L. (1998). Characteristics of intrafamilial and extrafamilial child sexual abuse. Child abuse & neglect, 22(9), 915–929, https://www.sciencedirect.com/science/article/abs/pii/S0145213498000635 , 10.3.2023
3. Kliman, G. (1968). Psychological emergencies of childhood, Greene and Stratton, New York.
4. Lemaigrea, C., Taylor, P.E, Gittoes, C. (2017). Barriers and facilitators to disclosing sexual abuse in childhood and adolescence: A systematic review, Child Abuse & Neglect 70, 39–52, https://www.nationalcac.org/wp-content/uploads/2019/01/Barriers-and-facilitators-to-disclosing-sexual-abuse-in-childhood-and-adolescence-A-systemic-review.pdf , 6.3.2023
5. Menes, J., (1971). Children's Reactions to the Death of a Parent: A Review of the Psychoanalytic Literature. Journal of the American Psychoanalytic Association,19:697-719, преземено од https://pep-web.org/browse/document/apa.019.0697a?page=P0714, 06.02.2022
6. Sasser, T.M. (2018). Advent of Denial of Death in Children's Literature, Georgia Southern University. Electronic Theses & Dissertations. Paper 166. http://digitalcommons.georgiasouthern.edu/etd , 07.02.2022

7. Tyler, A.K. (2002). Social and emotional outcomes of childhood sexual abuse: A review of recent research, Aggression and Violent Behavior, 7:6, pp. 567–589, http://www.sciencedirect.com/science/journal/13591789 , 10.3.2023
8. Vidal S. Clay, (1976). Children Deal with Death, The School Counselor, Vol. 23, No. 3, pp. 175-184, Sage Publications, Inc., https://www.jstor.org/stable/23903238 , 09.03.2022
9. Денкова, Ј. (2023). Романот „Средба во осамената куќа" од Петре Димовски - како крик за поголема свесност и претпазливост. Годишен зборник на Филолошки факултет, 14 (21), pp. 9-18, https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/32868
**10.** Димовски, П. (2008). Потрага по корените**,** Дијалог, Скопје.